ЈАНА ЛУЛОВСКА / JANA LULOVSKA

# NATURA IN VITA / VITA IN NATURA



# ДЕКОЛОНИЗАЦИЈА НА ПРИРОДАТА

**Кон изложбата *Natura in Vita/Vita in Natura* на Јана Луловска**

**Ана Франговска, куратор**

Ако се согласиме со ставот на американскиот теоретичар Тимоти Мортон дека еколошката катастрофа постепено започнува уште во далечната 1784 година, кога е измислена парната машина, тогаш тоа е поразително за човештвото дека со оваа проблематика се бори дваипол века, а притоа не изнаоѓа начини за систематско разрешување на предизвиците на патот, туку напротив, навлегува уште подлабоко во мрачна зона, од која излезот станува веќе дискутабилен. Оттогаш процесот на климатските промени се случува со темпо што не било забележано претходно во историја. Оваа индустриска револуција, со изнаоѓањето на машината, е директно поврзана со почетоците на капитализмот, па оттука и терминот Капиталоцен[1], според кој се нарекува целата наредна епоха и е еден од главните причинители за еколошката криза во која се наоѓа човештвото, покрај самиот човек, секако.

Уметноста, покрај сите останати научни дисциплини, природни и хуманистички, има посебно значење и може да дејствува како катализатор и призма за размислување за различни аспекти на проблемот на еколошката правда. Уметноста која ангажирано се занимава со прашања од животната средина има потенцијал да го преиспита полето на политичкото, како и да го политизира односот на уметноста кон проблемот на заштита на животната средина. Јасните и критички позиции на уметниците во јавната сфера ги иницираат неопходните дискусии за еко-социјалната криза и политиката за одржливост, но и воспоставуваат нови и различни модели на фер однос кон животната средина. Ваквите уметнички ангажмани, стануваат сѐ поважни во пронаоѓањето креативни решенија за нови и различни општествени односи и врски засновани на принципите на солидарност и социјална правда.

На македонската ликовна сцена во последните години станува се поактуелна работата со дискурзиви на екологијата и заштитата на животната средина, што укажува на фактот дека уметниците се моќна алатка во освестување и праќање на јасни сигнали до политичките чинители за ургентноста од систематски промени. Една од тие визуелни чинители е уметницата Јана Луловска, која со својот мултимедијален пристап, во кој доминантна позиција има нејзиниот матичен медиум – фотографијата и сите нејзини експериментални перпетуации, дава свој придонес во изнаоѓање на механизми за враќање кон природата.

---

1 Терминот Капиталоцен се однесува на цела епоха заснована на капиталистичкиот начин на производство што доведе до сегашната еколошка криза. Спротивно на терминот Антропоцен, кој ја припишува оваа криза на човечкото дејствување, односно на целото човештво, терминот Капиталоцен ги гледа виновниците за еколошките катастрофи во малцинските сопственици на голем капитал.

*NATURA IN VITA/VITA IN NATURA* е насловот на нејзиниот најнов проект, кој се состои од фотографски документарни архиви од животот и работата на село; широкоаголна пејзажна фотографија (сите фотографии трансферирани, во зависност од циклусот, со експериментални методологии на разновидни основи, со цел да му даде на овој медиум друга, поконцептуална и посовремена димензија), звучна инсталација, мирисна семантика и самоодржлива зелена градина во затворен простор и сето тоа зачинето со аспектот на интеракција, т.е. партиципација, во кој и самиот реципиент на визуелниот проект, се чувствува дека придонесува во целата наратологија.

Всушност концептот се состои од три контекстуални целини, кои се преплетуваат и надоградуваат. Првата, веќе изложувана на Бела ноќ 2021, се нарекува *Natura in Vita* и опфаќа една фотографско-амбиентална инсталација составена од панорамски фотографии на пејзажи апплицирани (трансферирани) врз дрвени насочувачи – стрелки, т.е. знаци за насока на движење со различна дирекција кои вообичаено можеме да ги видиме на планини и етно-локации; bean bags – или удобни, увалувачки седишта за посетителот да се чувствува пријатно и амбиентален звук на природа, кој додека реципиентот седи раскомотен, дополнително го насочува кон релаксација, со пријатно сензорно дразнење на слухот со натурални звуци, како да сте во вистинскиот амбиент.

Вториот сегмент е „социјална зелена градина", насловена *The Greenhouse*, која е вештачки инсталирана среде галериски простор со цел да иницира луѓето да размислуваат за природата и нејзините благодети, како и за одржливоста. А токму таа, одржливост во вештачкава констелација, Луловска ја антиципира на партиципативен начин, т.е. преку процес на интеракција со публиката, која е поканета да си земе едно од зачинските растенија кои се „негуваат" во градината, но и да донесе други/инакви растенија за возврат, за постојано да постои таа социјална размена и чувство на заедничко одгледување и самоиницијативно негување на зелени производи и враќање кон природата. Тука, уште еден сензорен елемент, покрај мирисниот и визуелниот, е и конзумирачкиот, т.е. вкусувачкиот, бидејќи некои од овие природни билки ќе бидат понудени на реципиентите во форма на чаеви, за уште поексплицитно чувство на природно богатство и сочност.

Третиот дел од оваа концептуална полност, е *Vita in Natura*, т.е. инсталација која се состои од документарни фотографии од животот и работата на село, во природа, како своевиден архив кој треба да се меморира, но не со цел да

стане минато, туку да стане една нова сегашност, нова реалност, бидејќи токму подзаборавената природа и сето богатство кое лежи во неа и во работата со неа е модусот за спас од сите кризи, актуелни и оние кои се на повидок. Овие фотографии се изведени одново со техника на фото трансфер и се пренесени на картонски парчиња, а рустичниот изглед, т.е. намерната „старост“ е постигната со намера да се стави акцент токму на тој дуален дискурс на архивирањето, кој во оваа констелација може да биде траг/документ на подзаборавени – минати дејствија или пак опомена/апел за „изнедрување“ на благодетите на природата и руралните средини и нивно ставање во функција сега и тука. Оваа фото-инсталација е надополнета со звучен амбиентален опис кој не води директно на местото на настанот, на село и на сите активности поврзани со подзаборавените занаети – косење (со коса), острење коса, орање земја, жнеење итн.

Со овој проект, Луловска става акцент врз илузиите на денешницата – т.е. дека ја гледаме природата како изолиран ентитет. Односот меѓу човештвото и природата е многу покомплексен и нивната динамика се менувала низ вековите. Истовреме, неопходно е да се промени антропоцентричната концептуализација на природниот свет, во кој природата со векови се гледа како „ресурс“ кој им служи на човековите потреби. Природата, како што вели Т. Ј. Демос, мора да се деколонизира.

Оттука, неопходно е да се осмислат алтернативни форми на колаборација меѓу луѓето и нечовечкиот природен свет, со посебно внимание на коегзистенцијата на сите видови на живиот свет. За да ја постигнеме оваа цел, треба да осмислиме симболични и практични чекори кои ќе нè доближат до склучување нови сојузи со другите суштества, препознавајќи ја критичната важност на меѓузависноста на видовите како единствен праведен пат кон новото пост-хуманистичко доба. Можеби треба да го следиме примерот на лишајот, како што предложи Дона Харавеј, а тоа е создавање на симбиоза на алги и габи во заеднички коегзистенцијален живот кон кој треба да се стремиме!!!

Луловска ги поместува границите на секојдневната комфорна зона, поставува прашања, нуди и солуции, а на нас е, на критичкиот набљудувач и конзумер, да ја прифатиме пораката во проектот и да делуваме, најнапред со својата активност во проектот, а потоа и индивидуално, секако во контекст на одржливоста, за која постојано зборуваме рецентно. Оттука еден голем уметничко-еколошки наклон кон Луловска за освестувачкиот проект и за интеракцијата со публиката, како нужен ко-чинител во одржувањето, т.е. веќе борбата за одржување на еко балансот.

# DECOLONIZATION OF NATURE

## Towards the exhibition *Natura in Vita/Vita in Natura* by Jana Lulovska

**Anna Frangovska, curator**

If we agree with the American theoretician Timothy Morton's view that the environmental disaster gradually began as far back as 1784, when the steam engine was invented, then it is devastating for humanity that it has been struggling with this problem for two and a half centuries, without finding ways to systematically solve the challenges along the way. On the contrary, it goes even deeper into the darkness and the exit has become even more questionable. Since then, the process of climate change has been happening at a rate that has not been recorded in previous history. With the invention of the machine, this industrial revolution is directly connected with the beginnings of capitalism, hence the term Capitalocene[2], its name used to define the following era and is one of the main causes of the ecological crisis in which humanity finds itself, in addition to man himself, of course.

In addition to all other scientific disciplines, natural and humanistic, art has a special meaning and can act as a catalyst and prism for thinking about different aspects of the problem of social justice. The art that is actively engaged with environmental issues has the potential to reevaluate politics, as well as to politicize the relationship of art in terms of the problem of environmental protection. The clear and critical positions of artists in the public sphere have initiated the much needed discussions about the eco - social crisis and sustainability policy, but they have also established new and different models for fair treatment of the environment. The artists' involvement has become increasingly important in the efforts to find creative solutions for new and different social relations and connections based on the principles of solidarity and social justice.

In recent years, discourses on ecology and environmental protection have become more relevant on the Macedonian art scene, which indicate to the fact that artists are a powerful tool in raising awareness and sending clear signals to political actors about the urgency of systematic changes. One of those visual actors is the artist Jana Lulovska, who uses her multimedia approach, in which her fundamental medium - photography and all its experimental perpetuations - has a dominant position, and contributes towards the search for mechanisms for returning to nature.

*NATURA IN VITA/VITA IN NATURA* is the title of her latest project, which consists of photographic documentary archives of life and work in the countryside;

---

2 The term Capitalocene refers to an entire era based on the capitalist mode of production that has led to the current ecological crisis. In contrast to the term Anthropocene, which attributes this crisis to human activity, that is, to all of humanity, the term Capitalocene points to the minority of large capital owners as the main cause of environmental disasters.

wide-angle landscape photography (all photos are trasferred, depending on the cycle, with experimental methodologies on various grounds in order to give this medium a different, more conceptual and contemporary dimension), sound installation, olfactory semantics and a self-sustaining green indoor garden and all that amplified with the aspect of interaction, i.e. involvement, in which the recipient of the visual project feels that he/she contributes to the whole narrative.

In fact, the concept consists of three contextual units, which intertwine and build on each other. The first one, already exhibited at the White Night event in 2021, is called *Natura in Vita* and includes a photographic-ambient installation consisting of panoramic photographs of landscapes applied (transferred) on wooden guides - arrows, i.e. different directional arrow signs that we can usually see in mountains and ethno-sites; bean bags – or comfortable, reclining seats for the visitor to feel at ease and ambient sound of nature, which while the recipient is sitting comfortably, further relaxes him with a pleasant sensory stimulation of sounds of nature, as if you were right there, outside in the environment.

The second segment is a "social green garden", titled *The Greenhouse*, which is artificially installed in the middle of the gallery, aiming to prompt people to think about nature and its advantages, as well as sustainability. And it is precisely that sustainability in this artificial constellation, that Lulovska anticipates in a participatory way, i.e. through a process of interaction with the audience, who are invited to take one of the herbs that are "tended" in the garden, but also bring other/different plants in return, and thus perpetuate that social exchange and the feeling of co-nurturing and self-initiated cultivation of green products and return to nature. Another sensory element in addition to the olfactory and visual is consumption, i.e. taste, because some of these natural herbs are offered to the recipient as tea, to accentuate the authentic sense of nature and its abundant treasures.

The third part of this conceptual idea is *Vita in Natura*, i.e. an installation that consists of documentary photographs of life and work in the countryside, in nature, as a kind of an archive that should be memorized, but not because it should be left in the past, but for it to become our new present and new reality because it is precisely this forgotten nature and all of its treasures that we have pushed aside and the work space it provides that is our mode of salvation from all crises, the crisis we now face and those in the foreseeable future. These photographs have been recreated using the photo transfer technique and have been conveyed on to cardboard pieces, and the rustic appearance, i.e. the intentional "aging" was achieved with the intention

of emphasizing exactly that dual discourse of archiving, which in this constellation can be a trace/document of forgotten - past actions or an admonition/appeal for "bringing forth" the benefits of nature and rural environments and activating them immediately. This photo-installation is complemented by ambient music that transports us directly to the precise location, to the village and to all the activities related to the forgotten trades – mowing (with a scythe), sharpening the scythe, plowing the land, reaping, etc.

With this project, Lulovska puts emphasis on the illusions of the present day – i.e. that we see nature as an isolated entity. The relationship between humanity and nature is much more complex and their dynamics have changed throughout the centuries. Simultaneously, it is necessary to change the more anthropocentric conceptualization of the natural world, in which nature is always seen as a "resource" that serves human needs. Nature, according to T. J. Demos, must be decolonized.

Hence, it is necessary to devise alternative forms of collaboration between people and the non-human natural world, particularly focusing on coexistence of all species of the living world. In order to achieve this goal, we need to devise symbolic and practical methods that will bring us closer to a new union with other beings, recognizing the critical importance of the interdependence of species as the only righteous path to a new post -humanistic age. Perhaps we should follow the example with the lichen, as suggested by Donna Harraway, and that is the creation of a symbiosis of algae and fungi in a shared co-existent life that we should all strive for!!!

Lulovska pushes the boundaries of the everyday comfort zone, asking questions, offering solutions, and it is up to us, the critical observer and consumer, to accept the message in this project and to act, first of all with our activity on the project and then individually, certainly in the context of sustainability, which we keep talking about recently. Therefore, we bow, artistically and environmentally before Lulovska for this awareness raising project and for the interaction with the audience as a necessary co-actor in maintaining i.e. the struggle to maintain the eco balance.







**Јана Луловска**

*Natura in Vita*, 2021

Инсталација (Колор панорамни фотографии на дрво, звук, земја, bean bags)

400 x 400 x 300 см

**Jana Lulovska**

*Natura in Vita*, 2021

Installation (Color panoramic photographs on wood, sound, soil, bean bags)

400 x 400 x 300 cm



Скенирај ме и стави слушалки да чуеш!

Scan me & put headphones to listen!



**Јана Луловска**

*The greenhouse*, 2022

Инсталација (Растенија, дрвена конструкција, најлон, ЛЕД осветлување)

300 x 300 x 270 см

**Jana Lulovska**

*The greenhouse*, 2022

Installation (Plants, wooden structure, nylon, LED lighting)

300 x 300 x 270 cm











**Јана Луловска**

*Vita in Natura*, 2022

Инсталација (Црно-бели фотографии на картон, звук, чај)

18 x (41.5 x 28.5 x 2 см)

**Jana Lulovska**

*Vita in Natura*, 2022

Installation (Black and white photographs on cardboard, sound, tea)

18 x (41.5 x 28.5 x 2 см)

Скенирај ме и стави слушалки да чуеш!

Scan me & put headphones to listen!



Јана Луловска е мултимедијален уметник. Завршила додипломски студии на Националната Академија за Театарска и Филмска Уметност „Крсто Сарафов", во Софија, Бугарија, специјализација уметничка и применета фотографија.

Имала самостојни изложби во Македонија, Бугарија, САД и учествувала на повеќе групни изложби во Македонија, САД, Бугарија, Грција, Белгија, Италија, Хрватска. Учествувала на интернационални резиденции и креативни работилници во Македонија и странство.

Во својата работа Луловска се фокусира на темите феминизам, екологија и природа, слободно изразување/граѓанско општество, психологија, емоционалност, перцепција, свесност, култура, филозофија, наука.

www.lulovska.com

Контакт: lulovskatp@gmail.com



Jana Lulovska is a multimedia artist. She graduated from the National Academy for Theatre and Film Arts "Krastyo Sarafov", Sofia, Bulgaria with a Bachelor of Art in Photography.

She's had solo exhibitions in Macedonia, Bulgaria and USA and has been part of many group exhibitions in Macedonia, USA, Bulgaria, Greece, Belgium, Italy and Croatia. She has participated in several international residencies and creative workshops in Macedonia and abroad.

Through her work, Lulovska focuses on the topics of feminism, ecology and nature, free expression/civil society, psychology, emotionality, perception, consciousness, culture, philosophy, science.

www.lulovska.com

Contact: lulovskatp@gmail.com

Јана Луловска, NATURA IN VITA/VITA IN NATURA, 2022
НУ Национална галерија на Република Северна Македонија, Мала Станица

Издавач: Самостоен уметник ЛУЛОВСКА ТП Јана Танас Луловска Скопје, Бул. Партизански Одреди 119/3-10 Скопје
За издавачот: Јана Луловска, уредник
Куратор на проектот: Ана Франговска
Текст: Ана Франговска
Коректор: Александра Зиновски Вилиќ
Превод на англиски: Александар Панајотов
Лектура на англиски: Јана Сариевска
Дизајн: Јана Луловска
Фотографии: Огнен Ацевски, Кристијан Христов, Јана Луловска
Печати: Европа 92, Кочани, Република Северна Македонија
Тираж: 300

Проектот е финансиски поддржан од Министерство за култура на Република Северна Македонија.

Jana Lulovska, NATURA IN VITA/VITA IN NATURA, 2022
PI NAtional Gallery of the Republic of North Macedonia

Publisher: Independent Artist LULOVSKA TP Jana Tanas Lulovska Skopje, Bul. Partizanski Odredi 119/3-10 Skopje
For the publisher: Jana Lulovska, editor
Curator of the project: Ana Frangovska
Text: Ana Frangovska
Corrector: Aleksandra Zinovski Vilic
Translation to English: Aleksandar Panajotov
Proofreading of English: Jana Sarievska
Design: Jana Lulovska
Photographs: Ognen Acevski, Kristijan Hristov, Jana Lulovska
Printed by: Evropa 92, Kocani, Republic of North Macedonia
Copies: 300

The project is financially supported by the Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia.

© Jana Lulovska, 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.038.55(497.7)(06.064) Луловска, Ј.

ЛУЛОВСКА, Јана
Natura in vita / vita in natura / Јана Луловска = Jana Lulovska ; текст Ана Франговска = text Ana Frangovska ; превод на англиски Александар Панајотов = translation to English Aleksandar Panajotov. - Скопје : ЛУЛОВСКА ТП : НУ Национална галерија на Република Северна Македонија, Мала Станица = Skopje : LULOVSKA TP : PI NAtional Gallery of the Republic of North Macedonia, 2022. - 16 стр. : илустр. ; 18 см

ISBN 978-608-66918-0-6

1. Франговска, Ана [автор]
а) Современа уметност -- Инсталации -- Македонија -- Изложби

COBISS.MK-ID 58224133

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**